Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 17.01.2019

На 16.01.2019 година околу 21.40 часот на улица ,,Браќа Миладинови‟ во Тетово полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Тетово од слобода го лишиле Е.Б.(58) од Тетово поради ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори‟, по член 215 од Кривичниот законик на Република Македонија а во врска со настаниот од 15.01.2019 година околу 23.00 часот кога на улица „Александар Илиќ‟ во Дебар, при контрола на патничко моторно возило „Фолксваген Поло‟ со тетовски регистарски ознаки, управувано од Д.А.(45) од Тетово, полициски службеници пронајдоа две торби со 20 килограми марихуана.Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и потоа

спроведен до Основно Јавно Обвинителсво-Скопје, Оддел за организиран криминал, за понатамошна постапка.

На 16.01.2019 година во 19.45 часот во СВР Скопје, Н.Н.(35) од село Батинци, скопско, пријавил дека на стариот пат за село Батинци, каде што се врши дотур на земјиште, била пронајдена неексплодирана граната (најверојатно од Прва или Втора Светска Војна). Известена е Дирекција за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 16.01.2019 година околу 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на булевар „3-та Македонска Бригада" во Скопје избувнал пожар во куќата сопственост на О.Е.(62) од Скопје. Бидејќи сопственикот, кој бил под дејство на алкохол и го нарушувал јавниот ред и мир и им ја попречувал работата на припадниците на Бригадата за противпожарна заштита, бил приведен во Полициската станица Аеродром. Увид на местото ќе се врши во текот на денот.

На 16.01.2019 година во 17.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Н.Ц.(50) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 16.30 часот на улица „Лука Геров" била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 16.01.2019 година во 14.40 часот во Полициската станица Гази Баба, В.Д.(40) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 08.00 часот на улица „15-ти Корпус" бил каснат од куче скитник во пределот на ногата.

Во текот на изминатиот ден (16.01.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно четири сообраќајни незгоди од кои една сообраќајна незгода со телесни повреди и три со материјална штета. Во сообраќајните незгоди едно лице се здобило со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 54 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 17 возачи од кои: тројца возачи затоа што управувале возило под дејство на алкохол, 13 возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и еден возач затоа што бил возач-почетник. Исто така исклучени од сообраќај се и девет возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се тројца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден возач поради неправилно престројување, еден поради неправилно престигнување, девет возачи поради неносење сигурносен појас при управување на моторно возило и 29 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкциониран е еден пешак поради поминање коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 84 мандатни платни налози и 75 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б.П.(31) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање

во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 28.07.2018 година околу 22.40 часот на магистралниот пат Гостивар-Кичево, полициски службеници извршиле преглед на лица и патничко возило управувано од Д.У.(32) од Струга, при што кај пријавениот бил пронајден и одземен хероин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Пробиштип поднесе кривична пријава против Р.Ј.(21), Ј.Д.(20), двајцата од Пробиштип, К.С.(20) и Х.К.(20), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 21.03.2018 година К.С. и Х.К. со возило во кое имало марихуана заминале кон Пробиштип да ја предадат на Р.Ј. и Ј.Д.. На улица „Цветко Тонев", во момент на предавањето, полициски службеници ги затекнале пријавените и ја одзеле дрогата.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против Џ.Џ.(47) од село Канатларци, прилепско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 04.05.2018 година во село Канатларци, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле пиштол „Црвена Застава" М-57 калибар 7,62 мм, рамка и 11 куршуми, без дозвола за поседување.

Возилото „Ауди А4" кое на 14.01.2019 од сопственикот беше пријавено дека му било одземено пред маркет на улица „Франклин Рузвелт" во Скопје додека било отклучено и со клучот на бравата, во текот на вчерашниот ден е пронајдено.

На 16.01.2019 година во 20.30 часот во Полициската станица Карпош, Б.Б.(32)од Скопје пријавил дека на 14.01.2019 година околу 22.30 часот на улица „Леринска", додека се движел со неговото куче, бил нападнат и каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 16.01.2019 година околу 16.47 часот во Полициската станица Пробиштип било пријавено дека 16-годишник од село Злетово, пробиштипско околу 16.00часот во село Злетово бил каснат од куче.

На 16.01.2019 година во 20.00 часот во Полициската станица Чаир, С.Е.(28) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 18.30 часот во угостителски објект на улица „Втора Македонска бригада‟ бил физички нападнат од Ф.С.(26) од Скопје. Направен е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 16.01.2019 година во 23.05 часот во СВР Скопје, Д.И.(40) од Скопје, лице со нарушено ментално здравје, лажно пријавил дека поставил мина пред Собранието на Република Македонија, а потоа и во зградата на Итната медицинска помош. По преземени мерки и активности од полициски службеници, Д.И. бил приведен во Полициската станица Драчево за понатамошна постапка.

На 16.01.2019 година во 23.20 часот во Полициската станица Центар, В.И.(52) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 22.30 часот на булеварот „Кузман Јосифовски-Питу‟ физички биле нападнати две момчиња на возраст од 16 години од неколку лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 16.01.2019 година во 19,48 часот во ЕИК-Скопје било пријавено дека во Скопје на бул.„Св.Климент Охридски‟ во аптека две лица извршиле разбојништво и одзеле околу 4.200 денари. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.М.(31) од село Никуштак, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „убиство во обид‟ и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 25.12.2018 година во 16.45 часот во село Никуштак, по претходна вербална расправија со М.А., А.М. со пиштол испукал неколку куршуми кон М.А., но не го погодил.

Надворешната канцеларија за за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Ѓ.Т.(38) од село Смојмирово, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда‟. На 06.10.2018 година околу 23.30 часот во угостителски објект во Берово пријавениот физички го нападнал Д.А.(46) од село Ратево, беровско, при што му нанел тешка телесна повреда.

На 16.01.2019 година околу 21.00 часот пријавено е дека во кафе бар на улица „3-та Македонска ударна Бригада‟ во Куманово, по вербална расправија, А.А.(32) и Ш.Ј.(20), двајцата од Куманово, физички го нападнале Б.И.(32) од Куманово. Според пријавеното, тие со предмети го удирале Б.И., а во еден момент Б.И. извадил нож и го прободел А.А. во пределот на стомакот. А.А. бил пренесен во болницата во Куманово, а во болница бил пренесен и Б.И. кој се здобил со тешки телесни повреди. СВР Куманово презема мерки за целосно расчистување и документирање на настанот, по што против сторителите ќе биде поднесена соодветна пријава

СВР Тетово поднесе кривична пријава против 16-годишник од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста‟ и против П.Д.(21) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие‟. На 25.11.2018 година околу 01.30 часот во близина на угостителски објект на улица „Борис Кидрич‟ во Тетово, првопријавениот се обидел физички да нападне полициски службеници, додека второпријавениот ги спречувал полициските службеници во вршење на службените дејствија.

На 17.01.2019 година во 00.00 часот Д.В.(47) од Скопје пријавила дека од домот во непознат правец се оддалечила нејзината 15 годишна ќерка. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Д.(65) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност‟. На 26.11.2018 година околу 10.35 часот на крстосница од улиците „Благоја Тоска‟ и „Љ.Б.Пиш‟ во Тетово се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Опел корса‟, управувано од пријавениот и патничко возило „Фолсваген Пасат‟, управувано од М.М. од Тетово. Откако двајцата увиделе дека нема видлива материјална штета на возилата, го напуштиле местото. По ова, на околу 30 метри од местото на настанот, пријавениот застанал со возилото и забележал дека сепак на него имало предизвикана материјална штета, се вратил на крстосницата и со пиштол испукал четири куршуми во воздух.